Согласно член 166 став (1) од Законот за заштита на природата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16, 113/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“бр. 151/21), врз основа на член 10 од Статутот на Јавната установа Национален парк Маврово, бр. 0301/167/2 од 16.05.2006 година, бр.0202-74/1 од 29.06.2012 година, бр.02-139/1 од 25.02.2019 година и бр.02-263/1 од 23.04.2019 година, Управниот одбор на Јавната установа Национален парк Маврово, Маврови Анови, Република Северна Македонија на седницата одржана на 28.03.2024 година, донесе

# ОДЛУКА

## за определување на висината на надоместоците на Јавната установа Национален парк Маврово, Маврови Анови, Република Северна Македонија

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Јавна Установа Национален парк МАВРОВО
Бр. 02-247/1
28.03.2024 год.
Маврови Анови

### Член 1

Со оваа одлука се определува висината на надоместоците на Јавната установа Национален парк Маврово, Маврови Анови, Република Северна Македонија и тоа:

I. **Надоместок за влез и посета на Националниот парк Маврово:**

| | | |
|---|---|---|
| 1.1 | Дневен билет за посетител над 7 години | 100 денари |
| 1.2 | Неделен билет за посетител над 7 години | 400 денари |
| 1.3 | Дневен влез на мотор и автомобил | 150 денари |
| 1.4 | Дневен влез за комбе и минибус до 20 седишта | 250 денари |
| 1.5 | Дневен влез за автобус над 20 седишта и тешки товарни возила | 450 денари |

II. **Надоместок за паркирање во Националниот парк Маврово:**

| | | |
|---|---|---|
| 2.1 | Дневен надоместок за паркинг за мотор и автомобил | 150 денари |
| 2.2 | Дневен надоместок за паркинг за комбе и минибус до 20 седишта | 240 денари |
| 2.3 | Дневен надоместок за паркинг за автобус над 20 седишта | 450 денари |

III. **Надоместок за посета на посебни објекти во Националниот парк Маврово:**

| | | |
|---|---|---|
| 3.1 | Билет за посета на центар за посетители над 7 години | 100 денари |
| 3.2 | Посета на посебни објекти и локалитети | 300 денари |

IV. **Надоместок за престој во Националниот парк Маврово:**

| | | |
|---|---|---|
| **4.1** | Дневен надоместок за поставување на шатор | 300 денари |
| **4.2** | Надоместок за поставување приколка | 400 денари |
| **4.3** | Надоместок за поставување авто-кампер возило | 600 денари |

V. **Надоместок за собирање на диви видови растенија, габи и други шумски плодови во Националниот парк Маврово:**

| | | |
|---|---|---|
| **5.1** | Годишен надоместок за собирање на диви видови растенија, габи и други шумски плодови за лица кои живеат на територијата на Националниот парк Маврово | 500 денари |
| **5.2** | Годишен надоместок за собирање на диви видови растенија, габи и други шумски плодови за лица кои не живеат на територијата на Националниот парк Маврово | 2000 денари |

**Член 2**

Локалното население кое е со место на живеење согласно важечка лична карта или друг документ со кој се докажува местото на живеење, како и сите правни лица регистрирани на територијата на Националниот парк Маврово, се ослободени од надоместоците од член 1 од оваа одлука.

**Член 3**

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за определување на висината на надоместоците на Јавната установа Национален парк Маврово бр.0202-135/1 од 26.11.2012 година.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето на огласната табла на Јавната установа Национален парк Маврово, Маврови Анови, Република Северна Македонија, а ќе се објави по добивањето на согласност од страна на Владата на Република Северна Македонија.

Бр. 02-247/1

28.03.2024 година
Маврови Анови

Претседател на Управен одбор на Јавната установа Национален парк Маврово,
м-р Смиљка Тенева